## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење), со полевање и со folijarna апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

NPK 3-0-25 може да се применува неколку пати во текот на вегетацијата, а особено се препорачува при формирање и при созревање на плодовите, кога се јавуваат и најголемите потреби. Може да се применува и во другите фази на раст и развиток на земјоделските култури бидејќи содржи и азот како хранлива материја, но и кај култури кои имаат потреба од калиум во текот на целата вегетација (калифилни култури).

Примената на NPK 3-0-25 овозможува правилно оформување и зреење на плодовите, што резултира со стабилни и со квалитетни приноси. Се препорачува NPK 3-0-25 да се аплицира со водата за наводнување, и тоа преку системот за микронаводнување, а во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација. При оптимална исхрана преку почвата со сите хранливи елементи и при оптимална влага во почвата, со фолијарната апликација се постигнува одличен ефект.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Плодоносење и созревање на плодовите | 7-8 апликации на 5-6 дена | 4-5 l ѓубриво со најмалку 5000 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата (веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода) | 2-3 апликации | 3 l ѓубриво со најмалку 3000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Пораст и созревање на плод-зрно | 6-7 апликации на 6-7 дена | 4-5 l ѓубриво со најмалку 5000 l вода |

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Плодоносење и созревање на плодовите | 2-3 апликации на 10-14 дена | 300-400 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата | 1-2 апликации | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Пораст и созревање на плод-зрно | 2-3 апликации на 10-14 дена | 300-400 ml ѓубриво со 100 l вода |

**НАПОМЕНА**
Во растворите за фертиригација може да се меша со сите ѓубрива. Може да се меша и со повеќето пестициди, при што прво се раствораат пестицидите, па потоа со мешање се додава ѓубривото, меѓутоа пред секоја употреба неопходно е да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
5 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Вкупен азот (N) | (3,0 ± 0,3) % |
| Калиум ($K_2O$)[1] | (25,0 ± 1,0) % |

[1] Калиумот потекнува од Калиум ацетат.